# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕДИЦИНСКИТЕ СТУДИИ И КОНТИНУИРАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ДОКТОРИТЕ НА МЕДИЦИНА

## Член 1

Во Законот за медицинските студии и континуирано стручно усовршување на докторите на медицина („Службен весник на Република Македонија" број 16/13, 39/14 и 144/14), во членот 6 став (3) по зборовите: „на Македонија" запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Ставот (4) се брише.

Ставовите (5), (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (4), (5), (6), (7) и (8).

Во ставот (10) кој станува став (9), зборовите: „од ставот (4) на овој член" се заменуваат со зборовите: „утврдени во Законот за здравствената заштита".

Во ставот (11) кој станува став (10), бројот „(10)" се заменува со бројот „(9)".

Ставовите (12), (13), (14), (15), (16) и (17) стануваат ставови (11), (12), (13), (14), (15) и (16).

## Член 2

Во членот 16 став (1) во воведната реченица зборовите: „2.000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:
„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за установата ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во установата."

Во ставот (3) зборовите: „одговорното лице во Министерството за здравство" се заменуваат со зборовите: „министерот за здравство".

Во ставот (6) зборовите: „одговорното лице" се заменуваат со зборовите: „директорот".

## Член 3

Во членот 17 ставовите (2) и (3) се бришат.

Ставот (4) станува став (2).

## Член 4

По членот 17 се додаваат три нови члена 17-а, 17-б и 17-в, кои гласат:

„Член 17-а

(1) За прекршоците утврдени во членот 16 од овој закон, Државниот санитарен и здравствен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Државниот санитарен и здравствен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(3) Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(4) Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(5) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за здравство.

Член 17-б

Одмерувањето на висината на глобата за установата се врши согласно со Законот за прекршоците.

Член 17-в

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.“

## Член 5

Во членот 19 став (2) броојот „(14)“ се заменува со бројот „(13)“.

## Член 6

Во членот 21 ставот (4) се брише.

## Член 7

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

## Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.